**До: ООУ Методи Митевски Брицо - Лозово**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Примено: | 16.03.2022 | | |
| Орг. единица | | Прилог | Вредност |
| 03 | 245 | 1 | |

# БАРАЊЕ

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија" бр. 101/19), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Ве молиме да ни ги доставите следните информации од спроведената постапка за јавна набавка бр. 20845/2021:**

- **Детална техничка спецификација на набавените интерактивни табли;**
- **Цената која сте ја платиле за една интерактивна табла (со или без ДДВ);**
- **Бројот на набавени интерактивни табли и**
- **Вредност на договорот**

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго-----------------------------------------------------------------

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго-----------------------------------------------------------------

Scanned by TapScanner

До

Основните училишта во

Р.С.Македонија

## Барање за информации од јавен карактер

Почитувани

Ние родителите од граѓанската иницијатива “Учебници и настава мора да има” и члeновите од Асоцијацијата за унапредување на воспитно- образовниот систем и заштита на правата на децата и младите во образованието “Либрис плус”, сме крајно загрижени од непочитувањето на детските права и законите од страна на МОН. Повторно нашите деца се дискриминирани, за дел од нив има учебници, за дел од нив нема, со што ви е отежната и вам работата почитувани.

Согласно уставот, ЗОО, и законот за учебници, се прекршени многу членови и нашите деца немаат непречено и бесплатно образование и не се третирани еднакво според уставот, како и Член 2 од законот за учебници и наставни материјали за основно и средно образование е прекршен во сите образовни институции.

Поттикнати од неиздржаните изјави на министерот за образование и наука Јетон Шаќири на неговиот вчерашен прес, ние ќе се повикаме на повисоки институции да ни помогнат да го решиме овој проблем.

За таа цел од вас ги бараме следните информации од јавен карактер:

1. Дали учениците од 1-во до 5-то одделение добија печатени учебници?
2. Кои учебници најчесто недостигаат кај учениците од 6-то до 9-то одделение?
3. Дали сте се обратиле до МОН и БРО да доставaт учебници во вашето училиште?
4. Дали имате недостаток од други неопходни средства за работа во вашето училиште?

Однапред ви благодариме за вниманието и соработката.Само со заедничка соработка и труд ќе ги решиме сите проблеми што ги засегаат учениците, родителите и вас како образовни институции.

Scanned by TapScanner